РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

ISSN-1857-9779

# БИЛТЕН

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

**Број 1348**

Скопје, 1 март 2026 година

**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија (на македонски и на англиски јазик) за оцена на докторската дисертација **Инфрацрвена спектроскопија во блиско подрачје (NIR) во спрега со хемометриско моделирање за следење на критични атрибути на квалитет при процесирање на цврсти дозирани форми** од **м-р Филип Горачинов**, пријавена на Фармацевтскиот факултет во Скопје....................340-356

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: историја на родот и полот (со **шифра**: 5.09.05.01) и социологија (со **шифра**: 5.04.00.01), на Филозофскиот факултет во Скопје (**ас. д-р Стефан Васев**)....................357-373
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Кристијан Костов, Марија Џонова, Иво Најдески, Ненад Трајков, Филип Филипоски, Ема Дрпљанин, Константин Соларски, Александар Димчевски, Жаринета Гелевска**)....................374-375

**ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област земјотресно инженерство, на Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје (**вонр. проф. д-р Марија Витанова**)....................376-397

**ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Реферат за избор на истражувач во сите научни звања во научноистражувачките области османистика (6.01.17) и историја на Балканот во новиот век (6.01.09), во Одделението за историја на Македонија во време на османско-турското владеење, при ЈНУ Институт за национална историја во Скопје (**д-р Никола Ќириќ**)....................398-408

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: ИСТОРИЈА НА РОДОТ И ПОЛОТ (СО ШИФРА: 5.09.05.01) И СОЦИОЛОГИЈА (СО ШИФРА: 5.04.00.01) НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методија“ во Скопје, Филозофски факултет, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 26.XII 2025 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: историја на родот и полот (со шифра: 5.09.05.01) и социологија (со шифра: 5.04.00.01), и врз основа на Одлуката со број 04-105/5, донесена од Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет, на XIV редовна седница одржана на 14.I 2026 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Боби Бадаревски, редовен професор на Институтот за родови студии, проф. д-р Денко Скаловски, редовен професор на Институтот за родови студии (во пензија), проф. д-р Антоанела Петковска, редовен професор на Институтот за социологија (во пензија) проф. д-р Милева Ѓуровска, редовен професор на Институтот за социологија (во пензија) и проф. д-р Весна Димитриевска, редовен професор на Институтот за социологија.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледување на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: историја на родот и полот (со шифра: 5.09.05.01) и социологија (со шифра: 5.04.00.01), во предвидениот рок се пријави д-р Стефан Васев, асистент на Институтот за родови студии при Филозофскиот факултет во Скопје.

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Стефан Васев е роден на 26.XII 1993 година во Скопје. Основно образование завршил во ОУ „Димитар Миладинов“ во Скопје. Средното образование го продолжил во СУГС „Владо Тасевски“ во Скопје.

По завршувањето на средното образование, во 2012 година се запишал на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Институтот за родови студии. Додипломските студии ги завршил во рок со среден успех 9,2. Во септември 2016 година, со успешната одбрана на дипломскиот труд под наслов „Марксистички теории за родот во XIX век и правата половина на XX век“, под менторство на проф. д-р Слободанка Марковска, се стекнал со стручен назив — дипломиран по родови студии.

Во 2016 година, се запишал како редовен студент на втор циклус студии на студиската програма Социологија, насока: социологија на културата, на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Постдипломските студии, исто така, ги завршил со одличен успех, со среден успех 9,29. Во септември 2021 година, со одбраната на магистерскиот труд под наслов „Културата и сексуалноста“, под менторство на проф. д-р Антоанела Петковска и пред Комисија во состав: проф. д-р Антоанела Петковска, проф. д-р Милева Ѓуровска и проф. д-р Весна Димитриевска, се стекнал со стручен назив — магистер по социолошки науки од областа на социологијата на културата.

Во 2022 година, се запишал на трет циклус студии по социологија на Филозофскиот факултет во Скопје, под менторство на проф. д-р Антоанела Петковска. Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XXXII редовна седница одржана на 16.V 2024 година, донела одлука за прифаќање на предлог-докторски проект (тема) за изработка на докторскиот труд со наслов: „Социокултурни аспекти на македонското женско движење“ на студиската програма Социологија. Докторската дисертација успешно ја одбранил на 13.XI 2025 година пред Комисија во состав: проф. д-р Милева Ѓуровска (претседател), проф. д-р Антоанела Петковска (ментор), проф. д-р Весна Димитриевска (член), проф. д-р Ило Трајковски (член) и проф. д-р Денко Скаловски (член), со што се стекнал со научниот назив – доктор од подрачјето на општествените науки од областа на социологијата (doctor of social sciences in the fled of sociology).

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на 12.II 2025 година бил избран (по втор пат) во соработничкото звање – асистент во наставно-научните области: антропологија на родот (5.09.05.04) и социологија (5.04.00.01). Претходно, со Одлука на ННС на Филозофскиот факултет во Скопје, на 1.VI 2022 година бил избран во соработничко звање – асистент за наставно-научните области: друго (шифра 50105) — антропологија на родот, друго (шифра 60517) — родот и религијата и друго (шифра 51206) — стратегии за родовата рамноправност. Кандидатот д-р Стефан Васев, во периодот од 2018 до 2021 година, бил ангажиран како демонстратор на Институтот за родови студии при Филозофскиот факултет во Скопје и реализирал вежби кај проф. д-р Сузана Симоновска.

Кандидатот д-р Стефан Васев се служи со англискиот јазик (за што има приложено уверение) и навел дека има познавање на сите јужнословенски јазици (источна и западна група).

Во рамки на информатичката писменост, кандидатот наведува дека има познавање на: Microsoft office, Adobe photoshop и FileMaker Pro.

## НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ

### Наставно образовна дејност

Во рамки на наставно-образовната дејност, кандидатот ас. д-р Стефан Васев остварува вежби на прв циклус на студиските програми по родови студии, семејни студи, социологија, специјална едукација и рехабилитација и меѓународни и интеркултурни студии.

Како асистент на Институтот за родови студии, реализира вежби по предметите: Антропологија (родови студии; специјална едукација и рехабитилација; меѓународни и интеркултурни студии), Антропологија на жената (родови студии), Историја на родот и полот во 20 век (родови студии), Етиката и родот (родови студии и изборна листа на УКИМ), Семејството и родовите улоги (семејни студии), Социокултурна антропологија (социологија), Родот и културата (родови студии), Мултикултурализмот и родот (родови студии; меѓународни и интеркултурни студии) и Социологија на културата (социологија; археологија; изборен од листа на ФЗФ).

### Научноистражувачка дејност

Во рамки на научноистражувачката дејност, кандидатот д-р Стефан Васев покажал исклучително високо ниво на научна активност и континуитет во истражувањата од областа на родовите студии и социологијата.

Кандидатот активно учествувал во повеќе национални и институционални научни и применети проекти, меѓу кои проекти финансирани од Министерството за образование и наука, Филозофскиот факултет при УКИМ, како и меѓународно поддржани проекти во соработка со граѓански организации. Истражувањата се насочени кон семејната едукација, примената на вештачката интелигенција во општествените науки и унапредувањето на родовата еднаквост во академски и општествен контекст.

Во однос на научната работа, д-р Стефан Васев има објавено значаен број трудови со оригинални научни резултати во домашни и меѓународни научни списанија со рецензија и меѓународни уредувачки одбори, како и во зборници од меѓународни научни конференции. Неговите трудови опфаќаат теми како феминизмот, сексуалноста, родовите студии, маскулинитетот и фамилијарните трансформации во современите општества.

Кандидатот редовно учествува на меѓународни научни и стручни собири со усни презентации на свои трудови, за што приложил и соодветни сертификати за учество. Дел од овие конференции се одржани во земјата и во странство и опфаќаат интердисциплинарни теми од областа на социологијата, религијата, образованието и родовата рамноправност.

Трудови што ги приложил кандидатот д-р Стефан Васев:

***Трудови објавени во научни списанија***

1. Vasev, S. (2018). The connection between feminism and the women movement and the marxist theory and practice, „The Sociological Review“, бр. 1/2018, Скопје: Филозофски факултет, стр. 93–111.

2. Vasev, S. (2020). The changes in sexuality inside contemporary societies, „The Sociological Review“, бр. 1/2020, Скопје: Филозофски факултет, стр. 61–78.

3. Simonovska, S., Vasev, S. (2023). The cultural conceptions of masculinity and femininity: the divergence of masculine and feminine culture, Годишен зборник на Филозофски факултет – Скопје, том 76, стр. 781–792.

4. Vasev, S. (2024). Feminism as an ideology through the practices of the women's movement: Macedonian context, Годишен зборник на Филозофски факултет – Скопје, том 77, стр. 639–651.

5. Vasev, S. (2025). The socio-cultural aspects of norming sexuality, Годишен зборник на Филозофски факултет – Скопје, том 78(1), стр. 591–606.

***Трудови објавени во зборници од меѓународни конференции***

6. Simonovska, S., Vasev, S. (2023). Предизвиците на сексуалното и репродуктивно здравје и права на девојчињата и младите жени со попреченост, во: Зборник на трудови од 6. Меѓународна научна конференција „30 години студии по специјална едукација и рехабилитација“, Скопје: Филозофски факултет, стр. 350–365.

7. Vasev, S., Simonovska, S. (2025). The Transformation of Fatherhood in the Modern Family, во: Зборник на трудови од First International Conference "Challenges of Contemporary Families", Скопје: Филозофски факултет, стр. 278–289.

8. Vasev, S. (2025). Current Situations in the Christian Context from the Aspect of the Gender Perspective, „Religious Dialogue and Cooperation", 6(6), стр. 107–114.

Кандидатот д-р Стефан Васев учествувал на меѓународни конференции, за што приложил сертификати за успешно учество со свои трудови на научните конференции:

- First International Conference "Challenges of Contemporary Families", Скопје, 29 – 30 октомври 2024 година.
- 2nd World Conference for Religious Dialogue and Cooperation, Струмица, 19 – 22 јуни 2024 година.
- 3rd World Conference for Religious Dialogue and Cooperation, Крушево, 23 – 27 јуни 2025 година.
- 6. Меѓународна научна конференција „30 години студии по специјална едукација и рехабилитација", Охрид, 14 – 16 септември 2023 година.
- Меѓународна конференција „Улогата на историските личности во историјата и во колективната меморија", Скопје, 6 – 8 ноември 2023 година.
- Conference "Gender Equality: a European Value. Emerging Issues and Methodological Challenges", Скопје, 7 март 2024 година.
- Conference "From Stability to Fluidity: Contemporary Sociological Perspectives on 'Normality' in 21st Century Societas", Скопје, 10 – 11 септември 2025 година.
- Conference "Education Today: Between Traditional Values and Contemporary Challenges", Ниш, Република Србија, 6 декември 2025 година.

***Учество во научноистражувачки проекти на д-р Стефан Васев:***

1. „Потребата од семејна едукација во Република Северна Македонија", национален научен проект финансиран од Министерството за образование и наука, реализиран во партнерство со ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје.
2. „Потенцијали и предизвици на примената на вештачката интелигенција во наставата, учењето и истражувањата во општествените и хуманистичките науки" (2025/26), проект финансиран од Министерството за образование и наука.
3. „Користење на вештачка интелигенција за унапредување на родовата еднаквост во академските истражувања", проект на Филозофски факултет – УКИМ, Скопје.

4. „Заедно за родова еднаквост: Градење поддршка за родово инклузивни политики", проект на Здружение ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување, поддржан од Британската амбасада во Скопје.

5. „Младите размислуваат", проект во рамки на УСАИД програмата за медиумска писменост, имплементиран од ИРЕКС; учество како соработник и креатор на податочни сетови и содржина.

Врз основа на објавените трудови, проектната ангажираност и учеството на научни конференции, може да се заклучи дека д-р Стефан Васев поседува високо ниво на научна компетентност, продлабочен аналитички пристап и јасно профилиран научен интерес, со значаен придонес во развојот на современите родови и социолошки истражувања.

## Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес

Во рамки на стручно-применувачката дејност, кандидатот д-р Стефан Васев остварил значајни активности кои придонесуваат за примена на научните сознанија во поширок општествен, образовен и институционален контекст. Активностите се однесуваат на авторство на стручни публикации, учество во промотивни и организациски активности, како и активно вклучување во професионални и факултетски тела.

Во таа насока, стручно-применувачката дејност на кандидатот ги опфаќа следнивте активности:

- Авторство на стручна монографија
  – Васев, С. (2025). Културата и сексуалноста. Скопје: Академска мисла.

- Учество во промотивни активности на високообразовна институција
  – организација и учество во одбележувањето на 105 години од основањето на Филозофскиот факултет – Скопје, одржано на 16 декември 2025 година, во Филхармонијата на Република Северна Македонија.

- Членство во уредувачки одбор на научно списание
  – член на Редакцискиот одбор на Годишниот зборник на Филозофскиот факултет во Скопје.

- Членство во организациони и програмски одбори на меѓународни научни собири, и тоа:
  – 1st World Conference for Religious Dialogue and Cooperation, Струга (2023);
  – 2nd World Conference for Religious Dialogue and Cooperation, Струмица (2024);
  – 3rd World Conference for Religious Dialogue and Cooperation, Крушево (2025);
  – 4th World Conference for Religious Dialogue and Cooperation, Скопје (2026).

- Членство во органи на професионални здруженија
  – член на Собранието на Здружението на социолози на Република Северна Македонија;
  – член на Собранието на Филозофското друштво на Македонија.

- Учество во факултетски комисии и работни тела, и тоа:

– член на Пописна комисија за спроведување на попис на книги на Филозофскиот факултет во Скопје;

– член на Дисциплинска комисија за утврдување одговорност на студенти на Филозофскиот факултет во Скопје;

– член на Комисија за спроведување на попис на Филозофскиот факултет во Скопје;

– член на Комисија за техничка обработка на податоците на пријавените кандидати на конкурсите за запишување студенти од прв циклус во учебните 2023/24, 2024/25 и 2025/26 година.

Со наведените активности, кандидатот покажува континуирана ангажираност во примената на своите научни и стручни компетенции, како и активен придонес во институционалниот развој и професионалната заедница.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Стефан Васев.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата ги имаше предвид научните и истражувачки квалитети на кандидатот, неговото интензивно ангажирање да ја актуализира/афирмира родовата димензија и проблематика во различни сфери на општествениот живот, како и неговиот ангажман во справувањето со различните облици на дискриминација. Дополнително, д-р Стефан Васев ги покажал своите високи академски перформанси и во сферата на социологијата (магистрирал и докторирал во областа на социологијата со високи резултати). Рецензентската комисија заклучи дека д-р Стефан Васев поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во наставно-научното звање доцент во наставно-научните области: историја на родот и полот (со шифра: 5.09.05.01) и социологија (со шифра: 5.04.00.01).

Според горенаведеното Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Стефан Васев да биде избран во звањето доцент во наставно-научните области: историја на родот и полот (со шифра: 5.09.05.01) и социологија (со шифра: 5.04.00.01).

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Боби Бадаревски, с.р.**
**Проф. д-р Денко Скаловски, с.р.**
**Проф. д-р Антоанела Петковска, с.р.**
**Проф. д-р Милева Ѓуровска, с.р.**
**Проф. д-р Весна Димитриевска, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
**д-р Стефан** Мирослав **Васев**
**Институција:**
Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Научна област:** ***ИСТОРИЈА НА РОДОТ И ПОЛОТ (5.09.05.01) И СОЦИОЛОГИЈА (5.04.00.01)***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОРАБОТНИК**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,20.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,29.<br>Просечниот успех изнесува ___________за интегрираните студии. | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: социологија (5.04.00.01). | ДА/НЕ |
| 3 | Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | ДА/НЕ |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCimago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>7 Назив на научното списание: *Annuaore, Faculty of Philosophy - Ss. Cyril and Methodius University of Skopje, volume 77*<br>8 Назив на електронската база на списанија: Ebsco<br>9 Наслов на трудот: **Feminism as an ideology through the practices of the women's movement: macedonian context** (https://doi.org/10.37510/[illegible])<br>10 Година на објава: 2024<br>..........................................................<br>1. Назив на научното списание: *Annuaore, Faculty of Philosophy - Ss. Cyril and Methodius University of Skopje, volume 78(1)*<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco<br>3. Наслов на трудот: **The socio-cultural aspects of norming sexuality** (https://doi.org/10.37510/[illegible]) | ДА/НЕ |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 4. Година на објава: 2025<br>*** | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br><br>1. Назив на научното списание: *„Annuaore, Faculty of Philosophy - Ss. Cyril and Methodius University of Skopje, volume 76"*<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (12): North Macedonia (1), Serbia (3), Croatia (1), Bulgaria (1), Germany (1), Poland (2), Republic of Ireland (1), Great Britain (1), Malta (1);<br>3. Наслов на трудот: **The Cultural Conceptions of Masculinity and Femininity: the Divergence of Masculine and Feminine Culture** (co-author with Suzana Simonovska) (https://doi.org/10.37510/[illegible])<br>4. Година на објава: 2023 | ДА |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>22. Назив на зборникот: Conference Proceedings of the 1st International Conference – Challenges of Contemporary Families<br>23. Назив на меѓународниот собир: 1st International Conference – Challenges of Contemporary Families<br>24. Имиња на земјите: North Macedonia – 8, Spain – 1, Malta, Portugal – 1, Croatia – 1, Albania – 1, Czech Republic – 1, Serbia – 1, Moldova – 2, Bulgaria – 1, Cyprus – 1, Turkey – 3;<br>25. Наслов на трудот: **The Transformation of Fatherhood in the Modern Family** (co-author with Suzana Simonovska) (https://doi.org/[illegible])<br>26. Година на објава: 2025<br>..............................................................<br>1. Назив на зборникот: Conference Proceedings of the 1st International Conference – Challenges of Contemporary Families<br>2. Назив на меѓународниот собир: 1st International Conference – Challenges of Contemporary Families<br>3. Имиња на земјите: North Macedonia: 5, Serbia: 2, Poland: 2, Italy: 2, Croatia: 2, Bosnia and Herzegovina: 1. United Kingdom: 1, Bulgaria: 1, Netherlands: 1, Finland: 1, USA: 1, Romania: 1, France: 1, Hungary: 1;<br>4. Наслов на трудот: Current Situations in the Christian Context from the Aspect of the Gender Perspective (https://doi.org/10.47054/RDC2566107V)<br>5. Година на објава: 2025 | ДА/НЕ |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | *** | |
| 4 | Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа<br><br>25. Странски јазик: англиски јазик<br>26. Назив на документот: Уверение бр. 03-2398/1, познавање на англискиот јазик кое одговара на ниво Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR)<br>27. Издавач на документот: Филолошки факултет, УКИМ – Скопје<br>28. Датум на издавање на документот: 21.11.2025 | ДА/НЕ |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА/НЕ |

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** д-р **Стефан** Мирослав **Васев**
**Институција:** Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
**Научна област:** ***историја на родот и полот (5.09.05.01) и социологија (5.04.00.01)***

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување на вежби:**<br>**-Зимски семестар, учебна 2022/23: (3.6)**<br>Антропологија (2*15*0,03=0,9)<br>Етиката и родот (2*15*0,03=0,9)<br>Семејството и родовите улоги (2*15*0,03=0,9)<br>Родот и спортот (2*15*0,03=0,9)<br>**-Летен семестар, учебна 2022/23: (3.6)**<br>Антропологија на жената (2*15*0,03=0,9)<br>Етиката и родот (2*15*0,03=0,9)<br>Историја на родот и полот во 20 век (2*15*0,03=0,9)<br>Родот и спортот (2*15*0,03=0,9)<br>**-Зимски семестар, учебна 2023/24: (3.6)**<br>Антропологија (2*15*0,03=0,9)<br>Етиката и родот (2*15*0,03=0,9)<br>Семејството и родовите улоги (2*15*0,03=0,9)<br>Мултикултурализмот и родот (2*15*0,03=0,9)<br>**-Летен семестар, учебна 2022/23: (3.6)**<br>Антропологија на жената (2*15*0,03=0,9)<br>Етиката и родот (2*15*0,03=0,9)<br>Историја на родот и полот во 20 век (2*15*0,03=0,9)<br>Родот и спортот (2*15*0,03=0,9)<br>**-Зимски семестар, учебна 2024/25: (3.6)**<br>Антропологија (2*15*0,03=0,9)<br>Етиката и родот (2*15*0,03=0,9)<br>Семејството и родовите улоги (2*15*0,03=0,9)<br>Родот и културата (2*15*0,03=0,9)<br>**-Летен семестар, учебна 2024/25: (3.6)**<br>Антропологија на жената (2*15*0,03=0,9)<br>Родот и културата (2*15*0,03=0,9)<br>Родот и сексуалноста (2*15*0,03=0,9)<br>Вовед во родови студии (2*15*0,03=0,9)<br>**-Зимски семестар, учебна 2025/26: (3.15)**<br>Антропологија (2*15*0,03=0,9)<br>Социокултурна антропологија (1*15*0,03=0,45)<br>Семејството и родовите улоги (2*15*0,03=0,9)<br>Социологија на културата (2*15*0,03=0,9) | 24,75 |
| 2 | **Консултации со студенти:**<br>• **Зимски семестар 2022/23: (0,58)**<br>Антропологија (100*0,002=0,2)<br>Етиката и родот (100*0,002=0,2)<br>Семејството и родовите улоги (30*0,002=0,06) | 4.34 |

| | | |
|---|---|---|
| | Родот и спортот (60*0,002=0,12)<br>• **Летен семестар 2022/23: (0,38)**<br>Антропологија на жената (10*0,002=0,02)<br>Етиката и родот (130*0,002=0,26)<br>Историја на родот и полот во 20 век (10*0,002=0,02)<br>Родот и спортот (40*0,002=0,08)<br>• **Зимски семестар 2023/24: (0,48)**<br>Антропологија (100*0,002=0,2)<br>Етиката и родот (100*0,002=0,2)<br>Семејството и родовите улоги (20*0,002=0,04)<br>Мултикултурализмот и родот (20*0,002=0,04)<br>• **Летен семестар 2023/24: (0,36)**<br>Антропологија на жената (10*0,002=0,02)<br>Етиката и родот (100*0,002=0,2)<br>Историја на родот и полот во 20 век (10*0,002=0,02)<br>Родот и спортот (60*0,002=0,12)<br>• **Зимски семестар 2024/25: (0,46)**<br>Антропологија (100*0,002=0,2)<br>Етиката и родот (100*0,002=0,2)<br>Семејството и родовите улоги (20*0,002=0,04)<br>Родот и културата (10*0,002=0,02)<br>• **Летен семестар 2024/25: (1,24)**<br>Антропологија на жената (5*0,002=0,01)<br>Родот и културата (5*0,002=0,01)<br>Родот и сексуалноста (10*0,002=0,02)<br>Вовед во родови студии (600*0,002=1,2)<br>• **Зимски семестар 2025/26: (0,84)**<br>Антропологија (80*0,002=0,16)<br>Семејството и родовите улоги (20*0,002=0,04)<br>Социокултурна антропологија (30*0,002=0,6)<br>Социологија на културата (20*0,002=0,04) | |
| | **Вкупно** | 29,09 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | **<u>Учесник во национален научен проект:</u>**<br><br>***Потребата од семејна едукација во Република Северна Македонија***, проект финансиран од Министерството за образование и наука и се реализира во партнерство со ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје. | 3 |
| | ***Потенцијали и предизвици на примената на вештачката интелигенција во наставата, учењето и истражувањата во општествените и хуманистичките науки: Студија на случај - Филозофски факултет – Скопје,*** 2025/2026, проект финансиран од Министерството за образование и наука. | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | ***Користење на вештачка интелигенција за унапредување на родовата еднаквост во академските истражувања,*** Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. | 3 |
| | ***Заедно за родова еднаквост: Градење поддршка за родово инклузивни политики***, проект на Здружение ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување – Скопје, поддржан од страна на Британската амбасада во Скопје (согласно со Договорот со арх. бр. 0801-16/24). | 3 |
| | ***Младите размислуваат***, проект на Здружението за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска во рамки на проектот на УСАИД за медиумска писменост што го спроведува ИРЕКС, услуга: Креатор на податочни сетови и содржнина (учесник – соработник). | 3 |
| 2 | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование:**<br><br>Vasev, S. (2025). **The socio-cultural aspects of norming sexuality** In, *„Annuaore, Faculty of Philosophy - Ss. Cyril and Methodius University of Skopje, volume 78(1)"*, Skopje: Faculty of Philosophy, (pp.591-606). http://dx.doi.org/10.37510%2Fgodzbo25781591v<br>••••••••••••••••••••••••••••••••••••••••••••••••• | 5 |
| | Vasev, S. (2024). **Feminism as an ideology through the practices of the women's movement: macedonian context**, In, *„Annuaore, Faculty of Philosophy - Ss. Cyril and Methodius University of Skopje, volume 77"*, Skopje: Faculty of Philosophy, (pp.639-651). http://dx.doi.org/10.37510%2Fgodzbo2477623v | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови:**<br><br>Васев, С. (2018). **Поврзувањето на феминизмот и женското движење со марксистичката теорија и пракса**, во, *„Социолошка ревија: Списание на Здружението на социолози на Република Македонија и на Институтот за социологија при Филозофскиот факултет, УКИМ – Скопје"*. (стр.211-229)<br>УДК: 141.72:141.82305-055.2:141.82<br>ISSN 1409-5513 (print)/ ISSN 1857-9957 (online)<br>https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/34549 | 5 |
| | Vasev, S. (2020). **The changes in sexuality inside contemporary sociaties**, in *„The sociological review no.1/2020"*, Skopje: Faculty of Philosophy. (pp.61-78)<br>UDK: 316.1:179"19" Short Scientific article<br>ISSN 1409-5513 (print)/ ISSN 1857-9957 (online)<br>https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/34554 | 5 |
| | Simonovska, S., Vasev, S. (2023). **The cultural conceptions of masculinity and femininity: The divergence of masculine anf feminine culture**, in, *„Annuaore, Faculty of Philosophy - Ss. Cyril and Methodius University of Skopje, volume 76"*, Skopje: Faculty of Philosophy, (pp.781-792).<br>https://doi.org/10.37510/godzbo2376781s | 4,5 |
| 4 | **Трудови со оригинални научни/ стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се ид најмалку три земји:**<br><br>*First International Conference "Challenges of Contemporary Families" on the occasion of the 10th anniversary of the Institute of Family Studies*<br><br>Vasev, S., Simonovska, S. (2025). **The Transformation of Fatherhood in the Modern Family**, in, Avirovikj Bundalevska, I. (ed.). Зборник на трудови. Conference Proceedings of the 1st International Conference – Challenges of Contemporary Families. Skopje: Faculty of Philosophy. (pp. 278-289)<br>УДК 316.362:305-055.1<br>https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/34551 | 4,5 |
| | *"2nd World Conference for Religious Dialogue and Cooperation':* | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Vasev, S. (2025). **Current Situations in the Christian Context from the Aspect of the Gender Perspective**, in, *"Religious Dialogue and Cooperation, 6(6)"* pp. 107–114. https://doi.org/10.47054/RDC2566107v | |
| | *6. Меѓународна научна конференција „30 години студии по специјална едукација и рехабилитација“, 2023 година;*<br><br>Симоновска, С., Васев, С. (2023). "**Предизвиците на сексуалното и репродуктивно здравје и права на девојчињата и младите жени со попреченост**". In *6. Меѓународна научна конференција „30 години студии по специјална едукација и рехабилитација“ (ур. Петров, Р., и др.)*. Скопје: Филозофски факултет, (pp.350-365). UDK: 613.88-055.2-056.26/.3(497.7) https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/28348 | 4,5 |
| 5 | **Учество на научен/стручен собир со реферат -усна презентација**<br><br>6. Меѓународна научна конференција: *30 години студии по специјална едукација и рехабилитација*, 14 – 16 септември 2023 година, Охрид | 1 |
| | „Меѓународна конференција: *Улогата на историските личности во историјата и во колективната меморија*, 6 – 8 ноември 2023 година, Скопје | 1 |
| | First International Conference "Challenges of Contemporary Families" on the occasion of the 10th anniversary of the Institute of Family Studies, October 29-30, 2024 Skopje. | 1 |
| | 2nd World Conference for Religious Dialogue and Cooperation. June 19-22, 2024 Strumica. | 1 |
| | Gender equality: a European value. Emerging issues and methodological challenges. European Values Study, March 7th 2024 Skopje. | 1 |
| | 3rd World Conference for Religious Dialogue and Cooperation. June 23-27. 2025, Krusevo | 1 |
| | Conference "From Stability to Fluidity: Contemporary Sociological Perspectives on 'Normality' in 21st Century Societas" (Skopje, September 10–11, 2025) | 1 |
| | Conference "Education Today: Between Traditional Values and Contemporary Challenges" in Niš (Serbia), on December 6, 2025 | 1 |
| | **Вкупно** | **61,5** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Стручна монографија:**<br>Васев, С. (2025) ***Клтурата и сексуалноста***. Скопје: Академска мисла. | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| | cobiss.mk:https://plus-legacy.cobiss.net/cobiss/mk/mk/bib/67410693 | |
| 2 | **Учество во промотивни активности на факултетот/институтот:**<br>- организација за одбележување на 105 години Филозофски факултет – Скопје, 16 декември 2025 година (Филхармонија на Република Македонија) | 0,5 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | **Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание:**<br><br>Член на Редакциски одбор на Годишен зборник на Филозофски факултет, Скопје. | 1 |
| 2 | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен/научен стручен собир:**<br><br>1st World Conference for Religious Dialogue and Cooperation October 04-08, 2023 Struga" (1)<br>2nd World Conference for Religious Dialogue and Cooperation. June 19-22, 2024 Strumica (1)<br>3rd World Conference for Religious Dialogue and Cooperation. June 23-27. 2025, Krusevo (1)<br>4th World Conference for Religious Dialogue and Cooperation, June 22-26. 2026, Skopje (1) | 4 |
| 3 | **Член на орган на професионална комора:**<br><br>Член на Собранието на Здружението на социолози на РМ (0,3)<br>Член на Собранието на Филозофското друштво на Македонија (0,3) | 0,6 |
| 4 | **Член на факултетска комисија:**<br><br>- Пописна комисија за спроведување на попис на книги на Филозофски факултет – Скопје (0,5)<br>- Дисциплинска комисија за одговорност на студенти на Филозофски факултет – Скопје (0,5)<br>- Член на Комисија за спроведување на Попис на Филозофски факултет – Скопје (0,5)<br>- Комисија за техничка обработка на податоците *(на пријавените кандидати на Конкурсот за запишување на прв циклус на студии во учебната 2023/24; 2024/25 и 2025/2026)* (0,5x3=1,5) | 3 |
| | **Вкупно** | **17,1** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 29,09 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 61,5 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | / |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 17,1 |
| **Вкупно** | **107,69** |

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Боби Бадаревски, с.р.**
**Проф. д-р Денко Скаловски, с.р.**
**Проф. д-р Антоанела Петковска, с.р.**
**Проф. д-р Милева Ѓуровска, с.р.**
**Проф. д-р Весна Димитриевска, с.р.**